**УСТАВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# П Р Е Г Л Е Д

**за работата на Уставниот суд**

**за 2019 година**

**Скопје, март 2020 година**

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ....................................................................................3

II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИТЕ НА АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ ............................4

II.1. Примени предмети ....................................................................5

II.2. Решени предмети.......................................................................7

А. Решени предмети во кои биле оспорени закони .................8

Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и другi општи акти ..................................................................9

III. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО .........................13

1. Интервентни одлуки на Судот ........................................................13

1.1. Одлуки за укинување на закони .............................................13

1.2. Одлуки за поништување или укинување на други прописи и општи акти и колективни договори ..............................................15

2. Решенија за неповедување постапка ............................................17

3. Барања за заштита на слободи и права .........................................25

4. Издвоени мислења .......................................................................27

IV. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ ..........................................................27

V. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ...................................................................27

VI. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ .............................................................31

VII. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА .......................................................33

## I. ВОВЕД

Уставниот суд на Република Северна Македонија во периодот од 1 јануари 2019 заклучно со 31 декември 2019 година, својата функција ја извршуваше во рамките на надлежностите утврдени во членот 110 од Уставот според кој Судот:

- одлучува за согласноста на законите со Уставот;
- одлучува за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот и со законите;
- ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност;
- решава за судирот на надлежностите меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт;
- решава за судирот на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа;
- одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката;
- одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и на здруженијата на граѓаните и
- одлучува за други прашања утврдени со Уставот.

При извршување на работите од својата надлежност Судот, покрај квалитетот, ја обезбеди и потребната ефикасност и ажурност во своето работење.

Во текот на 2019 година Судот работеше во полн состав.

На седницата одржана на 29 и 30 октомври 2019 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија за претседател на Уставниот суд го избра судијата Сали Мурати, кој стапи на оваа должност на 1 ноември 2019 година.

Судот во текот на 2019 година одржа 31 седници, една јавна расправа по поднесено барање за заштита на слободите и правата и оствари неколку консултативни разговори со учесници во постапката и други заинтересирани лица согласно член 18 став 4 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

## II. ПОДАТОЦИ ЗА ВКУПНИОТ БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ И ВИДОВИТЕ НА АКТИ НА СУДОТ СО КОИ СЕ РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИТЕ

Во периодот од 1 јануари 2019 заклучно со 31 декември 2019 година, Судот постапуваше по вкупно **238** предмети. Од нив, **167 предмети беа примени** во текот на 2019 година, а **71** беа пренесени како **незавршени** од претходните години. Од вкупниот број на предмети во работа во текот на годината беа **завршени 114 предмети**, а останаа **незавршени 124 предмети.**

### II.1. ПРИМЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Примени предмети според подносителите на иницијативите***

| *Подносители на иницијативи* | *број на предмети* |
|---|---|
| Граѓани | 135 |
| Политички партии | 2 |
| Влада на Република Македонија | / |
| Претпријатија и други организации и заедници | 2 |
| Органи на единиците на локална самоуправа | 7 |
| Здруженија на граѓани | 10 |
| Уставен суд на Република Македонија | / |
| Други субјекти | 11 |
| **ВКУПНО** | **167** |



***Примени предмети според видот на оспорениот акт***

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Закони | 95 |
| Статути | 1 |
| Колективни договори | 2 |
| Прописи на Владата на РМ и на министерствата | 9 |
| Акти на Собранието на Република Македонија | 7 |
| Акти на единиците на локална самоуправа | 22 |
| Поединечни акти (заштита на слободи и права) | 19 |
| Акти на претпријатија | 1 |
| Акти на јавни служби | / |
| Акти на политички партии | / |
| Акти на Претседателот на Република Македонија | / |
| Други акти | 11 |
| **ВКУПНО** | **167** |



***Примени предмети според видот на надлежноста на судот и според правната област на оспорениот акт***

| ***Вид на надлежност на Уставниот суд*** | *број на предмети* |
|---|---|
| **I. Оценка на уставност и законитост (по области)** | **126** |
| 1. Одбрана, безбедност и внатрешни работи | 2 |
| 2. Надворешни работи | / |
| 3. Финансии, даноци и други јавни давачки и надоместоци | 8 |
| 4. Стопанство | 7 |
| 5. Јавни претпријатија, јавни установи, институции што вршат јавни овластувања | 1 |
| 6. Организација и работа на органите на државната власт: (Собрание на Република Северна Македонија, Претседател на Република Северна Македонија, Влада на Република Северна Македонија и државна управа, правосуден систем (судови, Судски совет на Република Северна Македонија, Јавно обвинителство, Државно правобранителство, адвокатура, нотаријат, извршители, медијатори) и Народен правобранител | 45 |
| 7. Избори, референдум, политички партии, здруженија на граѓани и фондации, јавни собири | 2 |
| 8. Верски права и слободи | / |
| 9. Права на странците | / |
| 10. Имотно-правни односи | 2 |
| 11. Урбанизам и градежништво | 14 |
| 12. Сообраќај и врски | 2 |
| 13. Животна средина | 1 |
| 14. Работни односи | 15 |
| 15. Пензиско и инвалидско осигурување | 3 |
| 16. Социјална и здравствена заштита | 5 |
| 17. Односи во бракот и семејството | 2 |
| 18. Образование, наука и култура | 7 |
| 19. Јавно информирање | 1 |
| 20. Локална самоуправа | 7 |
| 21. Комунални дејности | / |
| 22. Останато | 19 |
| **II. Барања за заштита на слободи и права** | **19** |
| **III. Судир на надлежност** | **1** |
| **IV. Одговорност на претседателот на Републиката** | **/** |
| **V. Одлучување за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓани** | **/** |
| **VI. Други надлежности на Уставниот суд** | **4** |

**ВКУПНО** **167**

## II.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ

***Решени предмети според видот на актот на Судот со кои е завршена постапката***

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Одлука за укинување | 8 |
| Одлука за поништување | / |
| Одлука за одбивање | 1 |
| Одлука за утврдување | 1 |
| Решение за неповедување постапка | 40 |
| Решение за отфрлање на иницијативата/барањето | 60 |
| Решение за запирање на постапката | 1 |
| Административно завршен (член 16, член 13 и 15 од Деловникот | 2 |
| Предмети завршени на друг начин | 1 |
| **ВКУПНО** | **114** |



### *А. Решени предмети во кои биле оспорени закони:*

| *Вид на акт со кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за укинување | 3 |
| Со одлука за поништување | / |
| Со решение за неповедување постапка | 28 |
| Со решение за отфрлање на иницијативата | 32 |
| Со решение за запирање на постапката | / |
| Административно завршени | 2 |
| **ВКУПНО** | **65** |



***Б. Решени предмети во кои биле оспорени прописи и други општи акти:***

| *Вид на оспорен акт* | *број на предмети* |
|---|---|
| Статути | 2 |
| Колективни договори | 1 |
| Правилници | 9 |
| Акти на единиците на локална самоуправа (ДУП) | 14 |
| Тарифи | 1 |
| Одлуки | 5 |
| Други акти (Правила, Услови, Упатства, Заклучоци, Уредби, Методологии, Задолженија, Решенија и сл.) | 9 |
| **ВКУПНО** | **41** |

| *Начин на кој е завршена постапката* | *број на предмети* |
|---|---|
| Со одлука за укинување | 5 |
| Со одлука за поништување | / |
| Со решение за неповедување постапка | 11 |
| Со решение за отфрлање на иницијативата | 23 |
| Со решение за запирање на постапката | 1 |
| Административно завршени | 1 |
| **ВКУПНО** | **41** |



Анализата на вкупните податоци покажува дека вкупниот број на примени предмети во текот на 2019 година – 167 предмети, споредено со 2018 година кога биле примени 137 предмети е зголемен, односно во 2019 година  беа примени 30 предмети повеќе во однос на минатата 2018 година. Бројот на примени предмети во 2019 година е скоро идентичен со примените предмети во 2017 година кога биле примени 168 предмети, а во однос на 2016 година, кога биле примени 181 предмети, бројот на примените предмети е намален, но споредено со 2015 година кога биле примени 128 предмети, бројот на примени предмети во 2019 година е зголемен за 39 предмети.

**Број на примени предмети по години**




Во текот на 2019 година, како и во претходните години, најголем дел од работата на Судот се однесуваше на оценување на согласноста на законите со Уставот. Така, од вкупно 167 примени предмети, во 95 од нив (што во проценти изнесува 56.8%) се оспорени закони. Овој процент е зголемен во споредба со 2018 година кога процентуалното учество на предметите во кои биле оспорени закони во однос на вкупниот број предмети изнесувал 53.3% и во споредба со 2017 година - 49,4%.

Од вкупниот број на решени предмети во 2019 година – 114, во најголем дел беа оспорени закони - 65, при што Судот ја оценуваше уставноста на вкупно 53 закони, од кои најчесто предмет на оспорување беа: Законот за извршување, Изборниот законик, Законот за помилување, Законот за амнестија, Законот за спортот, Законот за денационализација, Законот за судовите, Законот за судската служба, Законот за работните односи  и други, а 41 предмети се однесуваа на оценување на уставноста и

законитоста на прописи и други општи акти, а 8 предмети се однесуваа на барања за заштита на слободи и права на човекот и граѓанинот.

Во текот на 2019 година Уставниот суд донесе вкупно 8 одлуки (укинувачки/ поништувачки) што е намалување во однос на: 2018 година кога биле донесени 54 одлуки, 2017 година кога биле донесени 21 одлуки, 2016 година кога биле донесени 16 одлуки и во 2015 година, 11 одлуки.

| Година | Вкупно одлуки | Закони | Други прописи и акти |
|---|---|---|---|
| 2019 | 8 | 3 | 5 |
| 2018 | 54 | 22 | 32 |
| 2017 | 21 | 15 | 6 |
| 2016 | 16 | 14 | 2 |
| 2015 | 11 | 6 | 5 |




Бројот на донесени решенија за неповедување на постапка е намален – 40 во однос на 2018 година кога биле донесени 63 решенија, 2017 година - 47 решенија, 2016 година - 67 решенија и 2015 година кога биле донесени 73 решенија.

Бројот на донесени решенија за отфрлање на иницијативите - 60, е намален во споредба со бројот на решенија за отфрлање на иницијативите донесени во 2018 година кој изнесувал 83, како и во споредба со 2017 година кога биле донесени 63 решенија, со 2016 година кога биле донесени 73 решенија, а зголемен во однос на 2015 година кога биле донесени 59 решенија за отфрлање на иницијативите.

Во текот на 2019 година до Судот беа поднесени 19 барања за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, што претставува зголемување во однос на поднесените барања за заштита на слободи и права во 2018 година кога биле примени 11 барања, во 2017 година – 5 барања, во 2016 година кога беа примени 8 барања, во 2015 година биле поднесени 13 барања за заштита на човековите слободи и права.  Од вкупниот број решени предмети за заштита на човековите слободи и права, Судот донесе две (2) одлуки (една со која се утврди повреда на подносителот на барањето и една со која се одби барањето на подносителот) и 6 решенија со кои ги отфрли барањата за заштита на човековите слободи и права.

| Година | Број на примени барања | Број на решени барања |
|---|---|---|
| 2019 | 19 | 8 |
| 2018 | 11 | 9 |
| 2017 | 5 | 5 |
| 2016 | 8 | 11 |
| 2015 | 13 | 15 |
| Вкупно | 56 | 48 |



## III. СТАВОВИ НА СУДОТ ЗАЗЕМЕНИ ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕТО

### 1. ИНТЕРВЕНТНИ ОДЛУКИ НА СУДОТ[1]

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2019 година, како што е веќе истакнато, Судот со одлука за укинување на закони и други прописи заврши вкупно **8 предмети**.

#### 1.1. Одлуки за укинување на закони

Судот интервенираше во повеќе **закони** од различни области и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлука У.бр.59/2018 од 27 март 2019 година, ги укина ставовите 3 и 4 од членот 244 од **Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата** (”Службен весник на Република Македонија” број 169/2015, 226/2015, 55/2016, 11/2018 и 83/2018).

*Со прецизното пропишување на начинот и условите за спроведување на возачкиот испит, законодавецот обезбедил доволно гаранции за стручно и објективно спроведување на испитот, па оспорената ограничувачка регулатива од член 244 став 3 од Законот е прекумерна и непропорционална на целта која сака да се постигне и не е во согласност со член 32 ставови 1 и 2 и член 55 став 1 од Уставот. Дополнително, оспорената одредба не го задоволува критериумот за јасна и прецизна одредба, како елемент на владеењето на правото, поради што не е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот.*
*Одредбата од ставот 4 на истиот член, со која лицата од ставот 3 се обврзуваат да потпишат изјава за непостоење на судир на интереси, заверена на нотар, е тесно поврзана со одредбата од ставот 3 на истиот член, односно е во функција на негова операционализација, поради што мора да се анализира и разгледува како единствена целина и да ја следи правната судбина на ставот 3.*

**2.** Уставниот суд со Одлука У.бр.130/2018 од 8 мај 2019 година, го укина член 33 став 1 и став 4 во делот: „...овите (1) и“, од **Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води** („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/2004, 28/2006, 103/ 2008, 17/2011, 54/2011, 163/ 2011,10/2015, 147/2015 и 31/2016).

[1] Во овој дел на Прегледот се дадени сентенци од сите интервентни (укинувачки) одлуки, кои се однесуваат и на законите и на подзаконските акти, донесени во текот на 2019 година, при што редоследот е хронолошки, односно според времето на донесувањето на одлуката/решението.

*Со законското уредување во оспорената одредба дека на корисникот на услугата ќе му биде прекинато снабдувањето со вода од страна на давателот на услугата и по претходна писмена опомена доколку истиот не ја исполнил обврската за плаќање на надоместокот, се доведува до правна несигурност на граѓаните и повреда на уставниот принцип на владеење на правото. Ова од причина што, со ваквото уредување не е јасно дали во фазата пред поднесување на писмената опомена се водела или била во тек одредена постапка и дали биле преземени одредени дејствија пред други надлежни органи пред да се прекине снабдувањето со вода.*
*Водата како добро од општ и јавен интерес ужива посебна заштита, па поради тоа законодавецот не може да го ограничува правото на човекот на граѓанинот, поради што оспорената одредба не е во согласност и со уставните одредби кои се однесуваат на основните слободи и права на граѓанинот, социјалните права предвидени во членот 34 и член 39 став од Уставот, како и со член 56 став 1 од Уставот.*

**3.** Уставниот суд со Одлука У.бр.82/2017 од 10 јули 2019 година, го укина член 78-а ставови 3, 5, 6 и 7 од **Изборниот законик** („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/ 2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/ 2017, 125/2017, 35/2018, 99/2018, 140/2018 и 208/2018).

*Оспорената одредба од Изборниот законик со која право на закуп за политичко рекламирање на рекламни паноа и билборди имаат само политичките партии и нивните коалиции, а независните кандидати поддржани од група избирачи се исклучени од тоа право на закуп, кои според Изборниот законик имаат право да учествуваат во изборната кампања, не е во согласност со уставното начело на политички плурализам и слободните непосредни и демократски избори, со начелото на еднаквост, со уставно загарантираниот слободен пристап кон информации и слободата на примање и пренесување на информации, како и со уставно загаранираното избирачко право на секој граѓанин.*

## 1.2. Одлуки за укинување на други прописи и општи акти и колективни договори

Судот во текот на 2019 година интервенираше во повеќе **подзаконски акти** и тоа:

**1.** Уставниот суд со Одлука У.бр.52/2018 од 6 февруари 2019 година, го укина член 6 став 1 точки 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 13 од **Правилникот за дополнителните информации кои треба да ги содржи барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа** („Службен весник на Република Македонија" број 6/2007, 81/2014 и 57/2016) донесен од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

*Оспорените одредби од Правилникот за дополнителните информации кои треба да ги содржи барањето за издавање на дозвола за работење на брокерска куќа донесен од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, не се во согласност со уставното начело на владеење на правото, член 13, член 14 став, член 32 став 2 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и со одредбите од Законот за хартии од вредност.*

**2.** Уставниот суд со Одлука У.бр.56/2018 од 8 мај 2019 година, ја укина **Одлуката за изземање на градежни парцели при урбано планирање и спроведување на постапки на ДУП Скопје Север Централен дел-Исток**, донесена од Советот на Општина Чаир, на седница одржана на 26.09.2013 година, број 07-2252/18 од 30.09.2013 година, објавена во „Службен гласник на Општина Чаир" број 14/2013.

*Доносител на детален урбанистички план, нема надлежност да може потоа со своја одлука да изземе градежни парцели предвидени во планот кој што го донел и да забрани издавање на одобренија, дозволи, согласности и слично за реализација на планираните содржини од планот кој што го донел.*

**3.** Уставниот суд со Одлука У.бр.123/2018 од 25 септември 2019 година, ја укина **Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт „С 17", Блок 1, Општина Гази Баба** („Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/2017).

*Необјавувањето на Одлуката за неспроведување на стратегиска оцена при донесување на ДУП, на веб-страната на општината, значи повреда на постапката за донесување на*

*ДУП предвидена со Законот за просторно и урбанистичко планирање, што води кон повреда на начелото на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.*

**4.** Уставниот суд со Одлука У.бр.77/2018 од 2 октомври 2019 година, ја укина **Одлуката бр.09-200/2 од 18.05.2018 година за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт И 17 блок 17.02, донесена од Советот на Општина Аеродром** („Службен гласник на Општина Аеродром“ бр. 6 од 21 мај 2018).

*Објавувањето на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска процена на веб-страната на општината е дел од законски пропишаната постапка за донесување на детален урбанистички план, од кој зависи информирањето на јавноста и остварувањето на правото на правна заштита во областа на заштитата и унапредувањето на животната средина, така што нејзиното необјавување претставува повреда на постапката. Постапката за донесување на оспорениот детален урбанистички план не била запазена во целост согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за животната средина, што води кон повреда на начелото на владеењето на правото, како темелна вредност на уставниот поредок.*

**5.** Уставниот суд со Одлука У.бр.80/2019 од 13 ноември 2019 година, ја укина **Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул.Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул.8-ми Септември) донесена од Советот на Општина Карпош** под бр.08-1483/5 од 20.02.2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2015).

*Со одлуката за детално урбанистичко планирање Советот на Општината ги повредува член 8 став 1 алинеи 3 и 10 од Уставот на Република Северна Македонија, член 15-в од Законот за просторно и урбанистичко планирање и член 65 од Законот за животната средина во ситуација кога во постапката за планирање нема да ја објави на веб-страната одлуката за спроведување или одлуката за неспроведување на стратегиска оцена за влијание на животната средина во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето на стратегиската оцена.*

## 2. РЕШЕНИЈА ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

Во текот на 2019 година Уставниот суд со решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на закони, односно уставноста и законитоста на подзаконски акти заврши **40 предмети**.

Од овие предмети, како покарактеристични ги издвојуваме следниве:

**1.** Уставниот суд со Решение У.бр.45/2018 од 30 јануари 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 11 од **Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота** („Службен весник на Република Македонија“ бр.147/2015).

*Издавање на мандатен платен налог е дејствие кое следи доколку предлогот за порамнување со издавање на мандатен платен налог е прифатен од страна на сторителот на прекршокот со цел да се избегне водење на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно пред надлежен орган за сторени прекршоци, на што неспорно упатува и членот 47 од Законот за прекршоците.*

**2**. Уставниот суд со Решение У.бр.83/2018 од 13 февруари 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 17 од **Законот за следење на комуникациите** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 71/2018).

*Законот за следење на комуникациите се заснова врз начелата на почитување на човековите права и слободи утврдени со закон и ратификуваните меѓународни договори кои се дел од внатрешниот правен поредок како и забрана за следење на комуникациите без судска наредба. Со давањето на можноста посебната истражна мерка да се спроведе со посебни технички уреди и опрема не се доведуваат во прашање темелните вредности на уставниот поредок, Амандманот XIX, членовите 18, 25 и 26 од Уставот на Република Македонија.*
*Предмет на следење на комуникациите со посебни технички уреди и опрема е лице за кое постои основано сомнение дека е сторител или се подготвува да стори кривично дело за кое може да се пропише посебна истражна мерка согласно Законот за кривичната постапка, при што содржината на комуникацијата на тоа лице со друго лице или лица не може да биде земена како доказ во постапката доколку тие не се во врска со*

*основаното сомнение за сторено кривично дело или за подготвување на кривично дело.*

**3.** Уставниот суд со Решение У.бр.69/2018 од 13 март 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 101 став 1 од **Законот за парничната постапка** („Службен весник на Република Македонија" број 79/2005, 110/2008, 83/2009 и 116/2010).

*Определбата на законодавецот, на различен начин да се постапува со поднесоците коишто имаат недостатоци поврзани со членот 98 од Законот за парничната постапка во зависност од околноста дали поднесокот е поднесен од полномошник или пак од лице без полномошник е токму поради различната правна положба на учесниците во постапката, од каде одредбата не може да се оценува од аспект на нејзината согласност со членот 9 од Уставот. Ова од причина што полномошникот е најчесто лице со соодветни правни квалификации (адвокат, дипломиран правник во правно лице) или пак лице со конкретни овластувања врз основа на уредно полномошно. За разлика од нив лицето без полномошник најчесто не располага со соодветни квалификации за застапување на сопствените интереси во постапката.*

**4.** Уставниот суд со Решение У.бр.39/2018 од 3 април 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на: член 4 став 2 и член 27 став 2 од **Законот за административни службеници** („Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и членовите 2 и 3 од **Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија** („Службен весник на Република Македонија" број 43/2014).

*Законодавецот дава можност определени прашања во врска со работниот однос на административните службеници во одделни институции помеѓу кои е и Народната банка на Република Македонија, да бидат уредени на начин различен од уредувањето во Законот за административните службеници во целост или делумно, со закон и со колективен договор. Фактот што во Законот за Народната банка, наведените исклучоци предвидени во оспорените членови од Законот за административни службеници не се применети, не ги доведува под сомение оспорените членови од Законот за административни службеници со одредбите од Уставот кои се однесуваат на принципот на владеење на правото, начелото на уставност и законитост и членот 60 од Уставот.*

*Со оспорените членови 2 и 3 од Законот за Народната банка, во кои е уредено дека на вработените во Народната банка и лицата со посебни овластувања, не се применуваат општите прописи од областа на работните односи, а вработените кои вршат административни работи добиваат статус на административни службеници, се во функција на усогласување со новиот Закон за административни службеници и не се доведува во прашање самостојноста и независноста на Народната банка.*

**5.** Уставниот суд со Решение У.бр.35/2019 од 22 мај 2019 година, не поведе постапка за оценување уставноста на член 11 став 1 точка ѓ и член 11 став 2 точка ѓ, од **Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси** („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019).

*Оспорените законски одредби еднакво се однесуваат за сите граѓани, се уредуваат прашања со кои се воспоставуваат услови кои важат еднакво за сите во постапката за избор и именување во составот на Државната комисија и немаат селективен и различен однос кон граѓаните, тие се еднакви пред законот и под еднакви услови секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавните функции во Државната комисија. Оттука, оспорените одредби од Законот не се во несогласност со членот 9 и членот 23 од Уставот, ниту со член 52 став 4 од Уставот, со оглед на тоа што тие регулираат услови за нови именувања во Државната комисија, кои ќе важат по влегувањето во сила на Законот и не се регулираат услови коишто ретроактивно би се однесувале на претходно именуван состав што би довело до повратно дејство на законските одредби.*

**6.** Уставниот суд со Решение У.бр.121/2018 од 29 мај 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 8 од **Законот за финансиска дисциплина** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/2013, 201/2014 и 215/2015).

*Со цел да се обесхрабри задоцнетото плаќање на паричните обврски, а со тоа и спречување на нарушување на ликвидноста на економските оператори, законодавецот го уредил оспорениот член 8 од Законот за финансиска дисциплина со кој се врши имплементирање на Директивата L2011/07/ЕС за задоцнето плаќање во комерцијални трансакции, донесена на 16.02.2011 година од Советот на Европската Унија и Европскиот Парламент, со што се врши и транспонирање на неговиот член*

*6 кој се однесува на надоместокот за задоцнето плаќање при исполнување на парична обврска.*

*Од уставно-правен аспект оспореното уредување од член 8 од Законот за финансиска дисциплина не е во спротивност со уставните принципи на владеењето на правото, слободата на пазарот и претприемништвото и грижата на Републиката за обезбедување еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот и членот 57 од Уставот според кој Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за порамномерен просторен и регионален развој, како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја.*

*Уредениот надоместок подеднакво се однесува за сите субјекти кои се во обврска да исполнат парично побарување од деловна трансакција, истото не ги спречува субјектите слободно да настапуваат на пазарот, ниту го спречува економскиот напредок на субјектите.*

**7.** Уставниот суд со Решение У.бр.49/2019 од 10 јули 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на: член 3 став 1 во делот: „се поведува само по службена должност и“ од **Законот за помилување** („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/1993 и 99 /2016); член 5 став 1 и ставот 2 во делот: „кои не започнале со издржување на казна затвор“, од **Законот за амнестија** („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2018), и член 457 во делот: „јавниот обвинител на Република Македонија“ и член 458 став 1 во делот: „поднесено од јавниот обвинител на Република Македонија“, од **Законот за кривичната постапка** („Службен весник на Република Македонија“ бр.150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018).

*Оспорените одредби од Законот за помилување, Законот за амнестија и Законот за кривичната постапка не се во несогласност со одредбите од Уставот кои се однесуваат на принципот на владеење на правото уредено во член 8 став 1 алинеја 3, членот 9 – начелото на еднаквост, членот 51 – начелото на уставност и законитост, како и со член 68 став 1 алинеја 18 според кој Собранието дава амнестија.*

**8.** Уставниот суд со Решение У.бр.46/2019 од 27 ноември 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 19 ставови 2 и 10 од **Законот за аудио и аудио и визуелни медиумски услуги** ("Службен весник на Република Македонија“ број 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019).

*Легитимно право на законодавецот е да пропише посебни услови за вршење на определени јавни функции, во конкретниов случај да ги пропише условите потребни за избор на кандидат за Директор на Агенцијата за ААВМУ и неговиот заменик, имајќи во предвид дека Агенцијата е самостојно и независно непрофитно регулаторно тело со јавни овластувања има основи да пропише услови со кои ќе овозможи директор на оваа Агенција да не бил член во органи и тела на политичка партија и да не бил избрано или именувано лице, функционер кој раководи со орган на државна управа, министерство и раководен орган на јавно претпријатие и акционерско друштво, основани од државата во период од 10 години, засметано наназад од годината во која што ја поднесува кандидатурата, сѐ со цел да се создадат услови за постигнување на повисок степен на доверба, независно, ефикасно и отчетно функционирање на Агенцијата.*

**9.** Уставниот суд со Решение У.бр.100/2019 од 4 декември 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 1 и членот 2 од **Законот за амнестија** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 233/2018).

*Не постои уставна определба дека амнестијата мора да биде општа во смисла да се однесува на сите кривични дела, како што всушност се бара со иницијативата, туку законодавецот има уставно овластување да определи за кои кривични дела ќе даде амнестија, бидејќи законодавецот ја димензионира рамката на амнестијата.*
*Со определувањето на амнестијата во зависност од видот на кривичните дела, сторителите на тие определени кривични дела се ставаат во еднаква правна положба, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, со што е запазено начелото на еднаквост на граѓаните пред Уставот и законите.*

**10.** Уставниот суд со Решение У.бр.128/2018 и У.бр.136/2018 од 12 декември 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на член 61 став 1 од **Законот за денационализација** („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/98, 31/2000, 42/2003, 44/2007, 72/2010, 171/2010, 55/2013, 33/2015 и 104/2015).

*Предвидувањето во одредбите од Законот за денационализација со кои се уредува во постапката за денационализација да не*

*може да се бара враќање во претходна постапка или повторување на постапката, не е во спротивност со Уставот. Ова од причина што постапката за денационализација е скратена, посебна управна постапка во која барателот за денационализација е должен претходно да ги достави сите докази на кои го заснова барањето (пресуда, тапија, договор), органот за денационализација по службена должност е должен да ги прибави тие документи, како и правото на барателот да поведе и управен спор, се состојби во кои нема смисла враќање во поранешна состојба или повторување на постапката.*

**11.** Уставниот суд со Решение У.бр.63/2019 и У.бр.73/2019 од 19 декември 2019 не поведе постапка за оценување на уставноста на:

- член 46 ставови: 3, 5, 6 и 7 од **Законот за извршување** („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/ 2016, 142/2016 и 233/2018) и членот 52 од **Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување** („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018) и
- уставноста и законитоста на **Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите** („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2019) во целина и посебно член 2 став 1 алинеја 2, член 3, член 4 став 3 и членот 14 од истиот акт.

*Извршителот како лице со пренесени јавни овластувања подлежи на регулација од страна на државата од каде за извршувањето може да предвиди ослободување од плаќање, односно ограничена наплата на надоместок, за одредени случаи. За такви случаи изгубената заработка не може да се дополни со пари на државата, а како државата ја креира сферата на извршувањето, вклучително и ослободувањата или ограничувањата. Вршењето на дејноста извршител не спаѓа во слободните економски дејности од каде подлежи на целосна волја на законодавецот кој ги пренел своите овластувања. Намалените или пак идни неизвесни, однапред неопределени приходи на извршителите не можат да имаат третман на сопственост и како такви не подлежат на заштита од членот 30 од Уставот. Судот со својата одлука не може да предизвика поголема правна празнина од онаа што постоела во временски краток период и која била отстранета со носење на соодветна регулатива пред да биде започната постапка пред Судот.*

**12**. Уставниот суд со Решение У.бр.93/2019 од 19 декември 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста на членот 123-а од **Законот за семејството** („Службен весник на Република Македонија“

бр.80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014, 115/2014, 104/2015 и 150/2015).

*Не може на законската квалификација за податоците на посвојување дека се службена тајна и со тоа се институционално ограничени за нивна општа достапност и употреба за разни цели, да се гледа како на ограничување на правото на приватност на детето, кое со тоа било ограничено да ги знае податоците од евиденцијата за посвојување. Овие податоци имаат повеќе насоки поврзани со биолошкото потекло на детето кое е посвоено, кое од една страна ги содржи податоците на посвоителите а од друга страна се податоците, кои не секогаш се познати и за биолошките родители на детето, како и други матични податоци од евиденцијата.*
*Квалификацијата за утврдување во Законот дека податоците од посвојувањето се службена тајна, ја изразува интенцијата на законодавецот да не дозволи институциите коишто ги поседуваат истите, да ги издаваат слободно, надвор од конкретни судски одлуки за отстранување на квалификацијата за службена тајна и истата треба да се опсервира како ограничување на општата достапност на податоците и законска дисциплина во институционалното, стручно и професионално работење со податоците од посвојувањето, што е во интерес на заштита на односите коишто се остваруваат со посвојувањето и најдобриот интерес на детето кое е посвоено.*

**13.** Уставниот суд со Решение У.бр.133/2018 од 6 март 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 10 став 1 од **Правилникот за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персоналниот данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок** („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/2017), донесен од министерот за финансии.

*Оспорената одредба од Правилникот во суштина е операционализација на законските норми коишто го уредуваат персоналниот данок на доход, поточно прашањето за регистрација „е-Персонален данок“ е уредено со Правилникот заради реализација на целите на пополнување и доставување на електронската пресметка „е-ППД“ што е уредена со одредбите од Законот за персоналниот данок на доход, поради што не може да се постави прашањето за несогласност со членот 18 и членот 33 од Уставот, како и со одредбите од Законот за персонален данок на доход.*

**14**. Уставниот суд со Решение У.бр.92/2018 од 8 мај 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста за оценување на законитоста на:

- Одлука бр.08-2574/7 од 18.06.2018 година за јавни паркиралишта на Општина Струга;
- Одлука бр.08-2574/8 од 18.06.2018 година за определување на јавни паркиралишта за зонско паркирање на подрачјето на град Струга;
- Одлука бр.08-2574/9 од 18.06.2018 година за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на град Струга и
- Одлука бр.08-2574/10 од 18.06.2018 година за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување, преместување на непрописно запрени и паркирани, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Струга, сите донесени од Советот на Општина Струга и објавени во „Службен гласник на Општина Струга“ бр.6/2018 од 20.06. 2018 година.

*Кога Советот на општината донесува пропис со просто мнозинство при одлучување за работи од јавен интерес од локално значење нема повреда на член 62 став 2 од Законот за локалната самоуправа, бидејќи актите за организацијата на паркирање во општината се носат со просто мнозинство. Каков вид на мнозинство е потребен (просто, апсолутно, двојно или квалификувано мнозинство) зависи од карактерот на актот којшто е предмет на гласање и усвојување и законското уредување.*

**15.** Уставниот суд со Решение У.бр.30/2017 од 22 мај 2019 година, не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на **Одлуката за утврдување на услови за начинот на градење во село Лагадин, Општина Охрид за кое нема урбанистички план**, донесена од Советот на Општина Охрид на седница одржана на 14 октомври 2015 година и објавена во („Службен гласник на Општина Охрид“ бр. 11 од 15.10.2015 година).

*Советот на Општина Охрид планската документација ја донел во форма на општ акт, а не во форма на детален урбанистички план, односно не по истата процедура како и постоечката, која била или е во сила, а која била стара односно неусогласена, бидејќи просторот во село Лагадин е плански празен (вон плански опфат), а законодавецот директно упатува на примена на членот 84 од Законот за просторно и урбанистичко планирање. Од тие причини Судот оцени дека оспорената одлука е донесена во целост во постапка предвидена со Законот за*

*просторно и урбанистичко планирање и не може да се доведе под сомнение по однос на нејзината согласност со член 8 став 1 алинеи 3, 9 и 10, членот 51 и членот 115 од Уставот на Република Македонија, како и со одредбите на членот 2 и членот 43 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.*

## 3. БАРАЊА ЗА ЗАШТИТА НА СЛОБОДИ И ПРАВА

Во текот на 2019 година, до Судот беа поднесени вкупно 19 барања за заштита на слободи и права врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Од поднесените барања за заштита на слободи и права во текот на 2019 година, најголем број се однесуваа на заштита од дискриминација (по основ на политичка припадност, раса, верска и национална припадност што ја подразбира и етничката припадност, социјална припадност), додека останатите на заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување, како и на заштита на правото на сопственост.

Судот во текот на 2019 година, реши **осум** предмети за заштита на слободите и правата (од кои три барања се примени во текот 2018 година).

Решените барања за заштита на слободите и правата се однесуваа на заштита од дискриминација врз основа на: политичка припадност, расна и национална припадност што ја подразбира и етничката припадност, заштита на слободата на мислата и јавното изразување на мислата, уверувањето и политичкото здружување и дејствување.

Од вкупниот број решени барања за заштита на слободите и правата, Судот донесе две одлуки, а шест беа отфрлени поради постоење процесни пречки за одлучување или поради ненадлежност.

**1.** По предметот **У.бр.57/2019 од 29 мај 2019** година за заштита на слободите и правата, Судот **утврди** повреда на правото на слободата на мислата и јавното изразување на мислата и **ги поништи решенијата** донесени од Основниот суд Скопје 1 – Скопје и Апелациониот суд Скопје.

*Судот со донесените решенија со кои изрекол парични казни за апликантите ја попречил и ограничил слободата на изразување на мислата - критика кон судот, во рамки на вршење на брани-*

*телската функција на адвокатите, игнорирајќи го фактот дека тој самиот во организирањето на главната расправа суштински придонел да дојде до реакција на адвокатите изразена со протест преку стоење во судницата бранејќи го своето законско право за вршење на бранителската функција на главната расправа за што биле овластени во рамки на нормативата и духот на Законот за кривичната постапка и Законот за адвокатура.*

*Со изнесеното мислење на адвокатите односно апликантите преку изразување на критика кон судот заради нефункционалност на просторните услови во судницата и протестот со стоење во салата на главната расправа, тие не ги надминале границите на можна толеранција која судот можел да ја изрази и прифати како објективна. Адвокатите не ги надминале дозволените граници со кои би ја повределе честа и угледот на судот, туку изразениот мирен, стоечки протест бил манифестирање на барање на легитимни права за непристрасно и фер судење во сала со функционални можности за тоа, и не на штета на работата на бранителите адвокати кои застапувале обвинети за кривично дело терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста.*

**2.** По предметот **У.бр.99/2019 од 2 октомври 2019 година** за заштита на слободите и правата, Судот донесе Одлука со кое се **одбива барањето** на подносителот бидејќи утврди дека не е сторена дискриминација по основ национална припадност спрема подносителот на барањето.

*Првостепениот и Апелациониот суд не сториле дискриминација по основ на национална припадност во ситуација кога немале никакво сознание за етничката припадност на тужителот во граѓанскиот спор.*

**3.** По предметот **У.бр.2/2019** за заштита на слободите и правата кои се однесуваат на забрана на дискриминација на граѓаните врз основа на националното потекло кое ја подразбира и етничката припадност, Судот, на 6 ноември 2019 година одржа јавна расправа со цел утврдување на правилната фактичка состојба со цел да се добие одговор на спорните прашања по предметот од страна на учесниците во постапката.

## 4. ИЗДВОЕНИ МИСЛЕЊА

Во текот на 2019 година во однос на донесени одлуки и решенија на Судот, согласно членот 25 став 6 од Деловникот на Уставниот суд, беа издвоени и писмено образложени петнаесет (15) издвоени мислења на судии и тоа во предметите: У.бр.45/2018, У.бр.83/2018, У.бр.129/2018, У.бр.39/2018, У.бр.92/2018, У.бр.30/2017, У.бр.35/2019, У.бр.121/2018, У.бр.57/2019, У.бр.28/2019, У.бр.127/2018, У.бр.45/2019, У.бр.132/2018, У.бр.131/2018 и У.бр.46/2019.

# IV. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА СУДОТ

Согласно Деловникот на Уставниот суд, работата на Судот е јавна.

Претставниците на средствата за јавно информирање редовно можат да присуствуваат на седниците на Судот. Известување на јавноста за работата на Судот се врши континуирано и преку интернет страницата на Уставниот суд за дневниот ред на секоја закажана седница. После секоја завршена седница претставниците на средствата за јавно информирање сеопфатно се информираат за одлуките и решенијата што ги донел Судот.

Одлуките и решенијата откако ќе бидат изготвени и потпишани од Претседателот на Судот се објавуваат на Интернет страницата на Уставниот суд, така што се достапни на стручната и друга јавност: ***(www.ustavensud.mk).***

Информирањето на јавноста во 2019 година исто така се остваруваше и преку соопштенија во врска со сите активности на Судот, како на домашно така и на меѓународно ниво.

# V. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2019 година, во рамките на активностите на меѓународната соработка, претставници од Судот учествуваа на повеќе мултилатерални и билатерални настани. Истовремено Судот продолжи да ја остварува веќе воспоставената соработка со Венецијанската комисија на Советот на Европа преку својот офицер за врски.

Од активностите на меѓународната мултилатерална соработка ги издвојуваме следниве:

- Претседателот на Уставниот суд, Никола Ивановски, судијата Владимир Стојаноски и советникот м-р Симона Герасимова - Јовановска на покана на претседателот на Европскиот суд за човекови права, во периодот од 25-27 јануари 2019 година, присуствуваа на Свеченото отворање на судиската година на Европскиот суд за човекови права и на Семинарот одржан по тој повод на тема: „Зајакнување на довербата во судството“, што се одржа од во Стразбур, Франција.

- Судијата на Уставниот суд, д-р Осман Кадриу и генералниот секретар Александар Лазов на 31 јануари 2019 година учествуваа на Регионалната конференција на тема: „Обврска за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права“ што се одржа во Подгорица, Црна Гора, на која судијата д-р Осман Кадриу имаше излагање на тема: „Уставното судство во функција на заштита на независноста на судскта власт“.

- Делегација на Уставниот суд, предводена од претседателот на Судот, Никола Ивановски, судијата Сали Мурати и советникот м-р Симона Герасимова – Јовановска, на покана на проф.д-р Рајнер Арнолд од Универзитетот во Регензбург, учествуваше на XXI Меѓународен конгрес на европско и компаративно уставно право, како и на Светскиот конгрес на правото во организација на Светската асоцијација на правници, што се одржа во Мадрид, Шпанија во периодот од 18 до 20 февруари 2019 година.

- Во периодот од 22 -23 март 2019 година, судиите на Уставниот суд Насер Ајдари и д-р Дарко Костадиновски учествуваа на Шестиот регионален форум за владеење на правото во Југоисточна Европа во организација на AIRE Центарот, на тема: „Правата на детето во контекст на Европската конвенција за човекови права“што се одржа во Дубровник, Република Хрватска.

- Делегација на Уставниот суд во состав од претседателот на Судот, Никола Ивановски, судијата Вангелина Маркудова и генералниот секретар, Александар Лазов во периодот од 13 до 18 мај 2019 година, престојуваше на Меѓународната конференција на тема: „Уставниот идентитет и универзалните вредности: уметноста на балансирањето“, што се одржа во Санкт Петерсбург, Русија.

➢ Судиите на Уставниот суд, д-р Осман Кадриу и Сали Мурати, учествуваа на Регионалната конференција на тема: „Поделба и рамнотежа на власта – независност на уставните судови“, што се одржа во Подгорица, Црна Гора, во периодот од 5 – 7 јуни 2019 година. Судијата Сали Мурати имаше излагање во името на претседателот на Судот, Никола Ивановски, на тема: „Улогата на Уставниот суд на Република Северна Македонија во остварување на принципот на поделба на власта“.

➢ Во периодот од 10 до 13 јуни 2019 година, на покана на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во официјална посета на Република Северна Македонија престојуваше делегација на Уставниот суд на Република Бугарија, предводена од претседателот на Судот, проф. Борис Велчев. Во состав на Делегацијата беа осум судии на Уставниот суд на Република Бугарија, генералниот секретар на Судот и три експерти од Службата на Судот. Во рамките на посетата, делегацијата оствари протоколарни средби со претседателот на Република Северна Македонија Н.Е. Стево Пендаровски и со претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Н.Е.Зоран Заев, што се одржаа во Скопје, а работната средба помеѓу двата Суда, на тема „Размена на искуства за местото и улогата на уставните судови во изградба на демократско општество“ беше одржана во Охрид.

➢ Претседателот на Судот, Никола Ивановски и генералниот секретар Александар Лазов од 3 – 6 октомври 2019 година учествуваа на XXII-от Меѓународен конгрес на европско и компаративно уставно право на тема: „Концептот на демократијата развиен преку уставната правда – унапреден преку уставна правда“ што се одржа во Вилниус, Литванија, на кој претседателот на Судот, Никола Ивановски, имаше излагање на тема: „Уставно-судска заштита на принципот на владеење на правото како основна вредност во демократскиот поредок“.

➢ Судиите на Уставниот суд, д-р Дарко Костадиновски и Сали Мурати учестуваа на Регионалната конференција на тема: „Слобода на вероисповеста во уставно-судската практика“ што се одржа во периодот од 16 до 18 октомври 2019 година во Теслиќ, Република Босна и Херцеговина, на којашто судијата д-р Дарко Костадиновски имаше излагање на тема: „Слободата на вероисповеста во уставно-судската практика во Уставниот суд на Република Северна Македонија“.

➢ На 23 и 24 октомври 2019 година, во Приштина, Косово се одржа Церемонија по повод 10-та судиска година на Уставниот суд на Косово, на која присуствуваа судиите на Уставниот суд, д-р Осман Кадриу и Владимир

Стојаноски, а судијата д-р Осман Кадриу имаше излагање на тема: „Уставно-судска заштита на човековите права – некогаш и сега“.

- Претседателот на Уставниот суд, Никола Ивановски и советникот м-р Симона Герасимова – Јовановска на покана на Врховниот уставен суд на Египет учествуваа на прослава на 50 годишнина (Златен Јубилеј) на Врховниот Уставен суд на Египет што се одржа во Каиро во периодот од 18 до 22 октомври 2019 година. Во рамките на програмата, претседателите на судовите, меѓу кои и претседателот Никола Ивановски, имаа работна средба со претседателот на Арапска Република Египет, Н.Е. Абдел Фатах Ал – Сиси.

- На покана од Уставниот суд на Полска, судиите на Уставниот суд, Никола Ивановски, Елена Гошева и Насер Ајдари и советникот м-р Симона Герасимова-Јовановска учествуваа во работата на Меѓународната конференција по кривично право на тема „Криминализација - идеи и ограничувања. Принципите на криминализација во уставното право“, којашто се одржа во Варшава, Полска на 21 и 22 ноември 2019 година. На конференцијата претседателот на Судот, Никола Ивановски имаше излагање на тема: „Уставно-судска заштита во областа на кривичното право низ праксата на Уставниот суд на Република Северна Македонија“.

Конференцијата беше посветена на одбележување на стогодишнината од основањето на Кривичниот оддел на Полската комисија за кодификација на законите, по кој повод ќе биде издаден и Зборник на трудови каде ќе бидат објавени, меѓудругите и рефератот на претседателот на Судот, Никола Ивановски и на судијата Елена Гошева на тема: „Концепти, идеи и школи за кривично право кои имаат значително влијание на посебните законски решенија“.

- Делегација на Уставниот суд, во состав од судијата на Уставниот суд, Насер Адјари и државниот советник Оливера Филиповска, на 5 декември 2019 година, учествуваа на Меѓународната конференција посветена на слободата на изразување, под покровителство на Советот на Европа (Канцеларија во Приштина), што се одржа во Приштина, Косово. Судијата Насер Ајдари имаше излагање на тема: „Слободата на мислата и јавното изразување на мислата во праксата на Уставниот суд на Република Северна Македонија“.

## VI. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА СУДОТ

- Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, на 5 ноември 2019 година, присуствуваше на 118-та седница на Собранието на Република Северна Македонија на која г-дин Давид Сасоли, претседател на Европскиот Парламент, се обрати пред пратениците на Собранието на Република Северна Македонија.

- Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, присуствуваше на дебатата на тема „Тековни состојби и предизвици во реформите во сферата на правната држава" која се одржа на 13 ноември 2019 година во Кабинетот на Претседателот „Вила Водно", на којашто имаше и свое излагање.

Дебатата беше одржана на заедничка иницијатива на министерот за надворешни работи на Сојузна Република Германија, Хајко Мас и претседателот на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски. На оваа дебата се дискутираше за тековните реформи во сферата на функционирањето на правната држава, вклучувајќи ги судските реформи, борбата против корупцијата, а во согласност со дефинираните стратешки приоритети во рамките на евроинтегративниот процес на Република Северна Македонија.

- Претседателот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Сали Мурати, на 18 ноември 2019 година одржа средба со Н.Е. г-дин Кристиан Тимоние, Амбасадор на Франција во Република Северна Македонија.

- Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати и генералниот секретар на Судот, Александар Лазов, присуствуваа на семинарот на тема „Правото на Енергетската Заедница" организиран од Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Енергетската Заедница, што се одржа 22 ноември 2019 година. Семинарот беше со цел зголемување на свеста и знаењето на судството за Енергетската Заедница и за обврските од Договорот за нашата земја, како и за правилата на ЕУ/Енергетската Заедница во областа на енергијата, животната средина и пошироко, со цел промовирање на владеење на правото и хомогено толкување на правото на Енергетската Заедница во договорните страни.

- Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати и генералниот секретар на Судот, Александар Лазов, на 22 ноември 2019 година остварија средба со министерката за правда, д-р Рената Дескоска. На

средбата, претседателот на Судот, Сали Мурати, ја запозна министерката со прашањата коишто се од значење за остварувањето на уставната позиција на Уставниот суд и беа разгледани начините за решавање на проблемите со кои се соочува Уставниот суд, како што се недоволните буџетски средства, статусот на судиите на Уставниот суд, статусот на Стручната служба и на вработените во Судот, како и унапредување на постапките за заштита на слободите и правата на граѓаните.

- Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, на 25 ноември 2019 година одржа средба со Н.Е. г-дин Томас Герберих, Амбасадор на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија.

- Уставниот суд на Република Северна Македонија во соработка со Германската фондација за меѓународна правна соработка (ИРЗ), на 5 декември 2019 година, одржа работилница на тема: „Законот за Уставниот суд на Сојузна Република Германија: одредби и практика“ со акцент на потребата за воведување на уставна жалба во нашиот правен систем, со што се одбележа почетокот на соработката помеѓу ИРЗ и Уставниот суд.

На оваа работилница учествуваа еминентните германски експерти од оваа област: д-р Штефан Пирнер, адвокат и регионален проектен раководител при ИРЗ и г-дин Винфрид Шуберт, поранешен претседател на Покраинскиот уставен суд на Саксонија Анхалт. Во дискусијата, покрај претседателот на Судот, Сали Мурати, судиите на Уставниот суд и државните советеници, активно учество имаа и надворешни лица – правни експерти: проф.д-р Наташа Габер-Дамјановска – директор на Академијата за обука на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, г-ѓа Маргарита Цаца – Николовска – потпретседател на Уставниот суд на Босна и Херцеговина, проф. д-р Јетон Шасивари од Универзитетот на Југоисточна Европа, проф.д-р Јусуф Зејнели од Универзитетот во Тетово, д-р Денис Пресова од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и претставници од Министерството за правда.

Целиот настан беше под покровителство на Амбасадата на Сојузна Република Германија во Република Северна Македонија и амбасадорот Н.Е. г-дин Томас Герберих.

- По повод Меѓународниот ден на човековите права, посветен на одбележување на 71-годишнината од усвојувањето на Универзалната декларација за човекови права од страна на Генералното Собрание на Обединетите нации, Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, на ден 10 декември 2019 година учествуваше на дебатата посветена на заштитата на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, којашто беше организирана од страна на Правниот факултет при Државниот универзитет

во Тетово. На оваа дебата, претседателот на Судот, Сали Мурати, имаше излагање на тема „Заштита и ограничување на основните слободи и права“.

- На 16 декември 2019 година претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, оствари средба со Амбасадорот на Европската Унија, Н.Е. г-дин Самуел Жбогар, Шеф на Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

- На покана на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати, присуствуваше на сто дваесет и втората седница на Собранието на Република Северна Македонија што се одржа на 18 декември 2019 година, на којашто имаше обраќање Н.Е. г. Стево Пендаровски, претседател на Република Северна Македонија.

- Претседателот на Уставниот суд, Сали Мурати и судиите: Елена Гошева, Јован Јосифовски и Насер Ајдари на 21 декември 2019 година, остварија средба со делегација на Големото национално собрание на Република Турција предводена од претседателот на Собранието, проф.д-р Мустафа Шентоп, кој по покана на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, беше во официјална работна посета во Република Северна Македонија.

На средбата се дискутираше за положбата и надлежностите на Уставниот суд, за предизвиците со коишто се соочува Судот, како и за актуелните прашања од работењето на уставните судови во Европа. Во таа насока, на средбата беше истакната потребата од продолжување и зајакнување на досегашната соработка помеѓу Уставниот суд на Република Северна Македонија и Уставниот суд на Република Турција, како и зацврстување на пријателските односи помеѓу двата суда.

## VII. МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Со Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.238/2018) за функционирање на Судот беа предвидени средства во висина од 39.675.000,оо денари (околу 645.120,оо евра), кои со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.211/2019) останаа непроменети и изнесуваше вкупно 39.675.000,00 денари (околу 645.120 евра).

Висината на средствата кои се определуваат со Буџетот не се доволни за нормално и непречено функционирање на Судот и потребно е нивно зголемување.

Во рамките на финансиските средства кои беа на располагање на Судот беше набавена нова стручна литература во Библиотеката на Судот.

За потребите на Стручната служба на Судот, беа набавени и инсталирани 16 кориснички пристапи до базата на „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Исто така, подобрени се условите за работа во Бифето на Судот во смисла на набавка на нови апарати за потребите на Бифето, како и Архивата на Судот којашто беше опремена со нов мебел.

**Уставен суд на Република Северна Македонија**

**Кеј Димитар Влахов бр.19**

**1000 Скопје**

**тел. +389 2 3163 063, Претседател**

**тел. + 389 2 3165 153, Генерален секретар**

**факс +389 2 3119 355**

**e-mail: mail@ustavensud.mk**

**Интернет: www.ustavensud.mk**

**Издавач:**

Уставен суд на Република Северна Македонија

**Редакција:**

Сали Мурати, Претседател

Јован Јосифовски, судија

Никола Ивановски, судија

Вангелина Маркудова, судија

Александар Лазов, генерален секретар

м-р Лариса Милевска, советник

**Стручна подготовка и статистичка обработка на податоци:**

м-р Лариса Милевска, советник

Јаготка Гијовска, самостоен референт